ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-7330/4
Датум: 28.09.2022
Скопје

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 06, Општина Карпош**

Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 06, Општина Карпош, ќе се одржи од 05.10.2022 до 19.10.2022 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Јавна презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 06, Општина Карпош, ќе се одржи на 12.10.2022 година, во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со овој Детален урбанистички план, зафаќа површина од 2.48 ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:

- на север со улицата „Прашка",
- на исток со улицата "6",
- на југ со транзитна магистрала булевар „Македонија",
- на запад улица „7".

Анкетните листови за учество на Јавна анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 06, Општина Карпош, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902
www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk